


# Упис на студенти на I (прв) циклус на студии на Технолошко-металуршки факултет 2012/2013

1. Се известуваат сите кандидати дека од оваа година стартува електронското пријавување при упис на било кој од факултетите при Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. **Електронското пријавување** ќе се извршува на следната веб страна www.upisi.ukim.mk во периодот од **05.07.2012 до 17.08.2012 година**. На денот на уписите ( 16 и 17.08. 2012 како и на следните други два термина, согласно табелата  од точка 2), се молат сите кандидати при поднесувањето на документи на уписниот лист да биде запишан **ИД бројот од електронската апликација** добиен преку системот **iKnow**. Кандидатот да ја пополнува апликацијата исклучиво со македонска поддршка.

2. Рокови за пријавување и запишување

| | **прв рок** | **втор рок** | **трет рок** |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **16 и 17.8.2012** | **3 и 4.9.2012** | **17.9.2012** |
| Објавување резултати од успехот од средно образование | **22.8.2012** | **7.9.2012** | **18.9.2012** |
| Прелиминарна ранг листа | **23.8.2012** | **10.9.2012** | |
| Објавување на конечна ранг листа | **27.8.2012** | **11.9.2012** | **19.9.2012** |
| Запишување на кандидатите | **30.8 и 31.8.2012** | **13 и 14.9.2012** | **21.9.2012** |

**НАПОМЕНА:** Кандидатот има право на приговор до конкурсната комисија во рок од **24 часа** од објавувањето на резултатите од успехот од средно образование и прелиминарната ранг листа. Доставувањето на приговорите може да се изврши во периодот од 22-23.08.2012. Во спротивно, **го губи правото на приговор** во натамошната постапка во поглед на објавените резултати. Приговорите се поднесуваат во архивата на факултетот или преку системот iKnow.

# Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје
# Систем за електронско спроведување уписи




Создавате нов кориснички профил со име, презиме, е-маил адреса и лозинка
Автоматски добивате е-маил порака со која го потврдувате профилот.
По првата најава на системот, го избирате линкот ,,Пријава за прв циклус''

**Чекор 1**. Пополнувате лични податоци, адреса, конатк информации и податоци за родители
Одите на Чекор 2







**Чекор 2**. Избирате факултет, група студиски програми, јазик на студирање, тип на студии.
Од лево во десно ги префрлате студиските програми според вашиот редослед на приоритет за запишување




**Чекор 3**. Пополнувате податоци за претходното образование и завршената матура. Избирате тип на матура која сте ја завршиле и соодветно пополнувате податоци за самата матура. Пример, за дршавна матура пополнувате за првиот и вториот екстерен предмет, првиот и вториот интерен предмет, проектната задача. Слично и за другите типови матура.




**Чекор 4**. Внесувате оценки од сите 4 години од средното образование. Во секој од четирите редови ги набројувате оценките една по друга, по ист редослед како во вашите свидетелства




**Чекор 5**. Добивате преглед на сите внесени податоци во претходните чекори за проверка

**Чекор 6**. Го читате упатството за понатамошните активности конкретни за избраниот факултет, симнувате дополнителни електронски документи за печатење и ја поднесувате интернет пријавата. Отпечатените документи ги поднесувате на факултетот согласно упатството на чекор 6.

iKNOW